Република Македонија
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјални работи
Бр. 04-873/9
20.07.2018 год.
Велес

Врз основа на член 2 став 2 и 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 ,199/14, 27/16 и 35/18) и член 105 став 6 и член 110-е од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17 и 51/18) и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-751/2 од 29.06.2015 год. и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМЦСР Велес број 02-393/4 од 30.03.2018 година, Директорот на установата донесува:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување на давател на јавна услуга

1.За извршител на работното место под реден број на работното место 37 шифра на работното место СО30303Б02002 назив на работното место Медицинска сестра звање на работното место Помошно стручен службеник од второ ниво (еден извршител) во Служба за услуги од социјална заштита Оддел Дневен центар за деца со попреченост во развојот на предучилишна возраст Се избира Емилија Минова Купенкова.

2.Именуваниот кандидат ќе бидат вработен на работното место од став 1 на оваа одлука по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката.

3 Кандидатот Родна Пановска не ги исполнува условите во огласот во однос на потребната стручна подготовка во однос на бараната стручна подготовка има доставено доказ за завршено средно образование - економско училиште и доказ за завршено високо образование –дипломирана медицинска сестра.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на веб страната и на огласна табла на установата.

## Образложение

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр.05-873/1 од 04.07..2018 година за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства од страна на Министерството за финансии преку Министерството за труд и социјална политика бр.04-564/1 од 29.06.2018 година, ЈУМ Центар за социјална работа-Велес објави јавен оглас бр.04/2018 објавен на 05.07.2018 година за вработување на еден извршител на работно место под реден број на работното место 37 шифра на работното место СО30303Б02002 назив на работното место Медицинска сестра звање на работното место Помошно стручен службеник од второ ниво во Служба за услуги од социјална заштита Оддел Дневен центар за деца со попреченост во развојот на предучилишна возраст,

Во врска со јавниот оглас бр.04/2018 објавен на веб страната на установата и во дневните весници ,,Нова Македонија,, и ,,Лајм,, за пополнување на работното место преку постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Одлука бр.04-873/1 од 04.07.2018 година, на ден 16.07.2018 и 18.07.2018 година спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.

По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и интервјуто, Комисијата изготви Ранг листа на кандидати пријавени по јавен оглас бр.04/2018 број 04-873/5 од 19.07.2018 год.

Врз основа на тоа, се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка во работен однос од втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето и одлуката за избор на кандидат.

ДИРЕКТОР
Азиза Цини

Доставено до
Именуваниот
Оддел за административни работи
архива